РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 218/5
16-10-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 23 - та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со бр. 09-3102/1 од 06.12.2024 година оформен по пријава против лицето -----------------, инспектор во Државниот инспекторат за ---------------- на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од непознат подносител оформен е предмет во Секторот за спречување на корупција под број 12-2990/1 од 20.11.2024 година, а по одржан колегиум на 06.12.2024, со Службена белешка предметот е префрлен во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање и постапката продолжи под број 09-3102/1 од 06.12.2024 година.

Имено, наводите во пријавите се однесуваат на сомнежи за можен судир на интереси кај службеното лице -------------------, инспектор во Државниот инспекторат за ----------------- на Република Северна Македонија кој истовремено вршел вештачења од иста област.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК се обрати со допис 09-218/1 од 16.01.2025 година до Државниот инспекторат за -----------------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во законски утврдениот рок со писмен допис под бр. 09-218/2 од 29.01.2025 година Државниот инспекторат за ------------------ ја достави целокупната побарана документација со што ја информираат ДКСК дека лицето ------------------- е вработен во Државниот инспекторат за ------------------ на работно место Државен инспектор за --------------------- за инспекциски надзор од областа на ----------- со ------------- во Република Северна Македонија во Одделение за инспекциски надзор од областа на сточарството------------- со ------------- Сектор за инспекциски надзор од областа на --------------, ---------------, ----------------, ------------------, со Решение за распоредување на работно место и плата на државен службеник бр. 04-21/20 од 23.07.2024 година. Видно од Регистарот на -------------- од веб – страната на Министерството за -------------- – информации од јавен карактер, Државниот инспекторат за ------------- има иноформации дека лицето ------------------ има лиценца за -------------, а истите не се запознаенеи дали тој врши вештачења од областа на ------------------- и дали има вршено инспекциски надзор кај правни и физички лица каде претходно бил ангажиран како -------------, бидејќи истиот не го известил Државниот инспекторат за ------------------ и не побарал изземање за да не врши инспекциски надзор поради постоење на судир на интереси кај субјекти каде врши инспекциски надзор, а претходно бил ангажиран како ---------------. Во прилог на дописот Државниот инспекторат за ------------------------ доставија Табеларен преглед за секој извршен инспекциски надзор на лицето ---------------------- за 2023 година и за 2024 година.

Понатаму, ДКСК до лицето ---------------- достави допис Барање за доставување на податоци и информации бр. 09-218/3 од 19.02.2025 година.

Лицето -------------------- до ДКСК достави одговор со допис 09-218/4 од 13.03.2025 година со кое информира дека согласно одредбите од Законот за ------------ се здобил со активна лиценца за --------------- со бр. 08-468/2020 од 30.09.2020 година и тоа од областа на ------------------ и исто така е запишан во Регистарот на -------------- што се води во Министерството за --------------. Како судски -------------- изготвувал наоди и мислења врз основа на барање на судови, странки во судска постапка како и државни органи надвор од неговото пропишано работно време согласно одредбите на парничната или вонпарничната постапка. Тој ја информира ДКСК дека во периодот на неговото работење како вешто лице ниту изготвувал --------------- со мислење за странки каде бил инволвиран како инспектор, а уште помалку содржината на ------------- наод со мислење имало било каква допирна точка со содржината на инспекицскиот надзор кај било која странка.

Согласно член 6 став (1) и (2) од Кодексот на етика за вештаци:

„(1) Вештакот нема да прифати вештачење за конкретен предмет доколку оцени дека постојат околности кои може да укажуваат на конфликт на интереси. Се смета дека вештакот е во состојба на конфликт на интереси кога постојат околности што може да влијаат врз непристрасно изготвување на стручен наод и мислење или кога вештакот бил компромитиран во професионалното расудување поради влијание од други лица.
(2) Вештакот е должен да го избегнува секој судир на интереси кој може да биде предизвикан од лични, семејни, блиски, антагонистички и слични врски; притисоци и ветувања од страна на нарачател на вештачење, учесник во постапката, претпоставен или од друго лице; финансиски интереси или примање надомест од било каков вид што би довело до претпоставка за постоење на влијание врз објективноста на вештачењето.
Согласно член 12 од Законот за вработени во јавен сектор ( „Службен весник на РМ“ БР.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 И 198/18) и ( „ Службен весник на Република Северна Македонија“ р. 143/19 и 14/20):
„Вработените во јавниот сектор не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси, во согласност со одредбите на овој или на друг закон“.

При вака утврдена фактичка состојба, Државната комисија не констатира повреда на член 72 став 2 и член 75 став 1 од ЗСКСИ, односно во конкретната ситуација не постои судир на интереси согласно член 2 став 3 од истиот Закон, ова од причина што кај пријавеното службено лице не постои забрана да биде ангажиран како вештак, од друга страна нема податоци дека вршел надзор над субјекти или предмети за кого вештачел, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш – член на ДКСК